Haier

Упатство за употреба на електричен бојлер

ES50V-FE1(EU)
ES80V-FE1(EU)
ES100V-FE1(EU)
ES50V-FE2(EU)
ES80V-FE2(EU)
ES100V-FE2(EU)
ES50V-FE3(EU)
ES80V-FE3(EU)
ES100V-FE3(EU)

ES50V-FE1W(EU)
ES80V-FE1W(EU)
ES100V-FE1W(EU)
ES50V-FE3W(EU)
ES80V-FE3W(EU)
ES100V-FE3W(EU)

Ве молиме внимателно прочитајте го ова упатство пред употреба.
Чувајте го правилно за понатамошна употреба.
Овој производ е наменет исклучиво за домашна употреба и не смее да се користи за индустриски или комерцијални намени.

Содржина:

1. Безбедносни мерки 3
2. Спецификации.....5
3. Начин на монтажа.....7
4. Работа на уредот.....-.....9
5. Чистење и одржување.....12
8. Отстранување дефекти.....13
9.Технички лист на производ.....15

Безбедносни мерки (ве молиме прочитајте пред употреба)


Предупредување

Потребно е да се овозможи исклучување на уредот од електричното напојување по инсталацијата. Исклучувањето може да се обезбеди преку приклучок кој е лесно достапен или со вградување прекинувач во фиксната електрична инсталација, согласно правилата за електрично поврзување.


Предупредување

Доколку напојниот кабел е оштетен, мора да биде заменет од производителот, овластен сервисер или друго квалификувано лице, со цел да се избегне опасност.


Предупредување

Максималниот влезен притисок на водата изнесува 0.75 MPa, а минималниот влезен притисок изнесува 0.05 MPa.


Внимание

Доколку бојлерот не се користи подолг временски период, ве молиме исклучете го електричното напојување и испразнете ја водата од бојлерот. Начинот на празнење на бојлерот е опишан во продолжение на упатството.


Забрането

Строго е забрането инсталирање на бојлерот во средина каде што постои можност за замрзнување. Замрзнувањето може да предизвика пукање на садот и водоводните цевки, што може да доведе до изгореници и протекување вода.


Забрането

Не го инсталирајте бојлерот на отворен простор.


Предупредување

Ве молиме инсталирајте го бојлерот на цврст и стабилен sид.


Забрането

Чистењето и корисничкото одржување не смеат да ги вршат деца без надзор.

.


Предупредување

Уредот е наменет за трајно поврзување со водоводната мрежа и не смее да се поврзува со црево.


Предупредување

Одводната цевка поврзана со сигурносниот вентил (вентил за ослободување притисок) мора да биде поставена во постојан надолен правец и во средина заштитена од замрзнување.


Предупредување

Можно е да дојде до капење вода од одводната цевка на сигурносниот вентил (вентил за ослободување притисок), поради што оваа цевка мора да остане отворена кон атмосферата.


Предупредување

Сигурносниот вентил (вентил за ослободување притисок) мора редовно да се активира со цел да се отстранат наслагите од бигор и да се провери дали не е блокиран.


Предупредување

Во продолжение од упатството можете да се информирате за типот и карактеристиките на сигурносниот вентил (вентил за ослободување притисок), како и за начинот на негово поврзување, освен доколку истиот не е вграден во уредот.


Забрането

Овој уред не е наменет за употреба од лица (вклучувајќи и деца) со намалени физички, сетилни или ментални способности, или лица без доволно искуство и знаење, освен доколку не се под надзор или не добиле упатства за користење на уредот од лице одговорно за нивната безбедност.


Забрането

Децата не смеат да си играат со уредот.

.

Безбедносни мерки (ве молиме прочитајте пред употреба)


Забрането

• Не вршете поправка, одржување, демонтажа или модификација на бојлерот без стручно лице за сервисирање.


Заземјено

• Користете посебни електрични приклучоци и обезбедете сигурно заземјување.



Доколку забележите каква било неправилност или почувствувате мирис на изгорено, веднаш исклучете го напојувањето и контактирајте го сервисниот центар.


Внимание

Не допирајте ги вентилите и цевките низ кои поминува топла вода.

Ве молиме проверете ја температурата на водата со рака пред употреба. Користете ја водата само кога температурата е соодветна.


Внимание

Со цел да се избегне опасност поради ненамерно ресетирање на термичката заштита, овој уред не смее да се напојува преку надворешен уред за вклучување/исклучување, како што е тајмер, ниту да биде поврзан на електрично коло кое редовно се вклучува и исклучува од страна на снабдувачот со електрична енергија.


Внимание

За уредите што се приклучуваат на водоводната мрежа со одвојливи црева, мора да се користат новите црева испорачани со уредот. Старите црева не смеат повторно да се употребуваат.


Забрането

Децата треба да бидат под надзор за да се обезбеди дека нема да си играат со уредот.


Предупредување

Овој уред може да го користат деца на возраст од 3 години и постари, како и лица со намалени физички, сетилни или ментални способности, или лица без доволно искуство и знаење, доколку се под надзор или им се дадени упатства за безбедно користење на уредот и ги разбираат можните опасности.


Забрането

Строго е забрането приклучување и исклучување на напојувањето со влажни раце.


Предупредување

Проверете дали електричното броило и дијаметарот на кабелот се во согласност со номиналната струја на бојлерот. Доколку е потребно, повикајте квалификуван електричар за проверка на електричната инсталација.


Забрането

Не користете ја топлата вода од бојлерот директно за пиење или за слични намени.


Забрането

Не прскајте вода и не насочувајте пареа кон главната единица на бојлерот.


Предупредување

Не прскајте вода и не насочувајте пареа кон главната единица на бојлерот.

Технички податоци

Сите модели	Номинален напон	Номинална фреквенција	Номинален притисок	Номинална температура	Степен на водоотпорност
	220-240V~	50Hz	0.80MPa	75°C	IPX4

Модел	Номинална моќност	Нето тежина	Номинален капацитет
ES50V-FE1/FE1W(EU)	2000W	25kg	47L
ES80V-FE1/FE1W(EU)	2000W	34kg	74L
ES100V-FE1/FE1W(EU)	2000W	40kg	93L
ES50V-FE2(EU)	2500W	25kg	47L
ES80V-FE2(EU)	2500W	34kg	74L
ES100V-FE2(EU)	2500W	40kg	93L
ES50V-FE3/FE3W(EU)	3000W	25kg	46L
ES80V-FE3/FE3W(EU)	3000W	34kg	74L
ES100V-FE3/FE3W(EU)	3000W	40kg	93L

Забелешка: Дозволеното отстапување на горенаведените параметри (тежини) е ±10%.

Електрична шема

L - Фазен проводник (кафеав или црн)
N - Неутрален проводник (син)
MT/MT1/MT2 - Термостат со рачно ресетирање
Заземјувачки проводник (жолто-зелен)
RT1/RT2 - Сензор
EH - Грејач
Магнезиумска прачка, титаниумска прачка, заземјување



Листа на пакување

Количина / Назив / Модел	Електричен бојлер (парче)	Сигурносен вентил (парче)	Упатство за употреба (парче)	Монтажна кука (парче)
Електричен бојлер (парче)	1	1	1	2

Монтажа

Предупредувања при монтажа

• При монтажа на бојлерот, потребно е да се остави одреден простор (најмалку 300 mm) за полесно идно одржување. Доколку бојлерот е вграден во монтажна плоча при инсталација, плочата во близина на сервисниот капак треба да биде подвижна за да овозможи демонтажа на сервисниот капак при одржување.

• Потребно е да се обезбеди влезниот притисок на водата да не биде помал од 0.05 MPa и максималниот притисок да не надминува 0.75 MPa.

• Електричниот бојлер треба да се инсталира во затворен простор, каде што амбиенталната температура е над 0°C. Цевководот треба да биде централно поставен. Излезот за топла вода не треба да биде предалеку од местото на користење на топлата вода. Доколку растојанието надминува осум метри, цевките за топла вода треба да бидат изолирани за да се намалат топлинските загуби.

• Ѕидот на кој е поставен бојлерот треба да биде цврст и стабилен за да може да издржи четирикратно поголема тежина од тежината на бојлерот наполнет со вода. Доколку станува збор за неносечки ѕид или ѕид од шуплива тула, потребно е да се преземат соодветни заштитни мерки, да се додадат држачи, да се користат навртки и завртки и да се постават заштитни плочи.

• Местото за инсталација на електричниот бојлер треба да биде избрано така што ќе биде практично за користење и одржување и да има поден одвод. Доколку резервоарот или водоводните цевки протекуваат, тоа не треба да предизвика оштетување на околните или пониските објекти. Позицијата за монтажа треба да избегнува поставување над WC школка, када, мијалник и рамка од врата, за да не создава чувство на непријатност или несигурност кај корисникот.

• Не ги заменувајте местата на влезната и излезната цевка. Сигурносниот вентил мора да биде инсталиран на предвидената позиција и не смее да се изменува без овластување. Отворот за ослободување на притисокот на сигурносниот вентил треба да биде во контакт со атмосферата. Не го блокирајте.

• Од безбедносни причини, бојлерот треба да користи посебен електричен приклучок (мултифункционални приклучоци се забранети) и да биде сигурно заземјен. Квалитетот на приклучокот мора да биде во согласност со локалните национални стандарди. Строго е забрането користење на бојлерот без сигурно заземјување.

• Електричниот приклучок на бојлерот треба да биде поставен на суво место каде што не може да биде испрскан со вода, за да не се наруши нормалната работа на уредот (по можност со водоотпорна заштитна кутија).

• Користете електричен испитувач за да проверите дали фазниот и неутралниот проводник не се поврзани обратно. Откако ќе потврдите дека бојлерот е наполнет со вода, приклучоците не протекуваат и напојувањето ги исполнува барањата, уредот може да се загрева со електрична енергија.

• За да се избегне опасност од случајно ресетирање на термостатот за заштита од прегревање, бојлерот не смее да се напојува преку надворешни прекинувачки уреди како што се тајмери. Исто така, не смее да биде поврзан на електрично коло кое често се вклучува и исклучува преку други уреди.

• Со цел да се спречи појава на несреќи, додатоците обезбедени од нашата компанија мора да бидат инсталирани и не смеат да бидат заменувани или модифицирани самостојно. Доколку додатоците се оштетат, потребно е да се извести нашиот сервисен оддел за поправка и замена со оригинални делови обезбедени од нашата компанија. Доколку не се почитуваат наведените услови, не преземаме одговорност за директни или индиректни штети предизвикани од несреќа.

Начини на монтажа

Слика 1 Шема на монтажа
Вертикална монтажа (сите серии)





Слика 2

Слика 3. Шематски приказ на инсталација – хоризонтална монтажа
Монтажата мора да се изврши согласно шемата за инсталација.





Модел	ES50V-FE1(EU) ES50V-FE2(EU) ES50V-FE3(EU) ES50V-FE1W(EU) ES50V-FE3W(EU)	ES80V-FE1(EU) ES80V-FE2(EU) ES80V-FE3(EU) ES80V-FE1W(EU) ES80V-FE3W(EU)	ES100V-FE1(EU) ES100V-FE2(EU) ES100V-FE3(EU) ES100V-FE1W(EU) ES100V-FE3W(EU)
f1	307mm	620mm	830mm

Слика 4

• Монтажата мора да биде извршена од страна на инсталатер кој припаѓа на сервисниот оддел на нашата компанија или од овластен сервисер назначен од нашата компанија. Доколку монтажата на бојлерот ја врши лице кое не е овластено од нашата компанија или се користат сопствено обезбедени монтажни материјали, може да настанат последици, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на протекување на цевките, дефект, неправилна монтажа што влијае врз нормалната работа и перформансите на бојлерот, како и негативни влијанија или оштетувања на самиот уред. Компанијата нема да сноси одговорност за какви било загуби настанати како резултат на тоа.

• Бојлерот е предвиден за сидна монтажа.

Методот за вертикална монтажа е следен:

1. Погледнете ја Слика 1 од шемата за монтажа и издупчете две дупки во ѕидот со ударна дупчалка, согласно димензиите прикажани на Слика 2, за да одговараат на монтажните експанзиони куки.
2. Вметнете ги експанзионите куки во дупките на ѕидот и фиксирајте ги, а потоа закачете го бојлерот на куките.
3. Монтирајте го сигурносниот вентил и останатите додатоци според делот „Монтажа на сигурносен вентил“ (само како референца за монтажа). Внимавајте да поставите тефлонска лента за заптивање на навојот за да спречите протекување на вода.

Методот за хоризонтална монтажа:

1. Погледнете ја Слика 3 од шемата за монтажа и издупчете две дупки во ѕидот со ударна дупчалка, согласно димензиите прикажани на Слика 4, за да одговараат на монтажните експанзиони куки.
2. Вметнете ги експанзионите куки во дупките на ѕидот и фиксирајте ги, а потоа закачете го бојлерот на куките.
3. Монтирајте го сигурносниот вентил и останатите додатоци според делот „Монтажа на сигурносен вентил“ (само како референца за монтажа). Внимавајте да поставите тефлонска лента за заптивање на навојот за да спречите протекување на вода.

- • За полесна монтажа и демонтажа на бојлерот, се препорачува влезната и излезната цевка на бојлерот да се инсталираат на соодветна позиција со G1/2 приклучоци. Одредете ја позицијата на доводот на вода. Поврзете ја влезната цевка за вода и цевката од чешмата со бојлерот соодветно. Наполнете го внатрешниот резервоар со вода и проверете дали цевководот протекува. Доколку има протекување, потребно е повторно поврзување.

Предупредување: Важно е да се осигурате дека ѕидните држачи се сигурно поставени на експанзионите куки пред да ги тргнете рацете, за да се спречи паѓање на бојлерот и предизвикување повреда или материјална штета.

Монтажа на сигурносен вентил

• Монтирајте го сигурносниот вентил (неговиот приклучок е G1/2) со номинален притисок од 0.80 MPa во насока на стрелката на вентилот (стрелката да биде насочена кон бојлерот) на влезната цевка. Кога бојлерот се загрева со електрична енергија, водата во резервоарот се загрева и се шири. Со цел да се намали притисокот во резервоарот, мала количина на вода ќе истекува од отворот за ослободување на притисокот на сигурносниот вентил. Отворот за ослободување на притисокот мора да биде отворен кон атмосферата и не смее да биде блокиран.



Слика 5

Отворот за ослободување на притисокот се поврзува со одводна цевка

• Отворот за ослободување на притисокот на сигурносниот вентил може да се поврзе со одводна цевка. Начинот на монтажа на одводната цевка е следен: зашрафете го едниот крај од одводната цевка на отворот за ослободување на притисокот на сигурносниот вентил. Одводната цевка поврзана со сигурносниот вентил треба да биде поставена со постојан надолен пад во средина заштитена од замрзнување, а водата што истекува од одводната цевка треба да се спроведува во поден одвод.

Забелешка: Одводните цевки се продаваат одделно.

Работа

Начин на работа

По инсталацијата, бидејќи внатрешниот резервоар е без вода, потребно е прво да се отвори влезниот вентил за вода и излезот на бојлерот. Мешачкиот вентил треба да биде поставен на максимално топла вода, а излезот за вода треба да биде отворен, по што од млазницата или другите излези континуирано ќе истекува вода (тоа значи дека резервоарот е целосно наполнет со вода). Проверете дали има протекување на секој приклучок и вклучете го напојувањето само доколку нема истекување на вода.

Опис на контролниот панел



■ Опис на копчиња

- BPS Копче за антибактериски режим BPS
- MAX Копче за MAX режим
- ECO Копче за ECO режим
- SET Копче за поставување температура
- Икона за вклучување/исклучување

■ Опис на икони

- Икона за загревање
- Икона за ECO режим
- Икона за MAX режим
- Икона за поставена / моментална температура
- Икона за бактериостатска функција
- Икона за WIFI режим (FE1W)



■ Опис на копчиња

- BPS Копче за BPS бактериостатски режим
- MAX Копче за MAX режим
- ECO Копче за ECO режим
- SET Копче за поставување температура
- Вклучување / Исклучување

■ Опис на икони

- Икона за електронска анода
- Икона за загревање
- Икона за ECO режим
- Икона за MAX режим
- Икона за поставена / моментална температура
- Икона за бактериостатска функција
- Икона за WIFI режим (FE3W)



■ Опис на копчиња

- MODE Копче за промена на режим
- SET Копче за поставување температура
- POWER Копче за контрола на напојување
- Вклучување / Исклучување

■ Опис на икони

- Икона за заштита од замрзнување (автоматско активирање под 2°C)
- Икона за ECO режим
- Икона за бактериостатска функција
- Икона за загревање
- Икона за поставена / моментална температура
- Високо Икона за напојување
- Средно
- Ниско

Вклучување

• Приклучете го напојувањето, а екранот ќе биде целосно прикажан околу 1 секунда, по што уредот ќе влезе во состојба пред исклучување.

• Притиснете го копчето „Power“ за вклучување.

BPS Бактериостатски режим

Притиснете го копчето „BPS“ (FE1/FE3) или копчето „MODE“ (FE2) за активирање на бактериостатскиот режим, при што ќе се прикаже соодветна икона. По неколку секунди трепкање на зададената максимална температура на загревање, ќе се прикаже моменталната температура на водата.
Кога иконата ќе се исклучи, тоа означува дека бактериостатската функција е завршена и уредот автоматски ќе излезе од BPS режимот и ќе се врати во нормален режим.

ECO Режим

Притиснете го копчето „ECO“ (FE1/FE3) или копчето „MODE“ (FE2) додека уредот е вклучен за да се активира ECO режимот и да се прикажат соодветните икони.

Во овој режим, бојлерот автоматски ќе ги меморира и анализира навиките на корисникот при користење на топла вода, ќе овозможи интелигентно работење според потребите на корисникот и ќе заштеди електрична енергија во најголема можна мера.
Притиснете го копчето „ECO“ повторно за излез од ECO режимот и враќање во нормален режим.Оваа функција може да меморира податоци и кога напојувањето е исклучено, но повторно ќе ја активира меморијата за навиките на корисникот при користење вода.

Нормален режим

Кога корисникот нема да избере ниту еден од наведените режими, уредот автоматски ќе влезе во нормален режим.
Во овој режим, корисникот може да ја прилагоди температурата според потребите, а опсегот на поставување на температурата е 35–75°C. Функцијата за одржување на топлината се активира по завршување на загревањето.

Режим на моќност (FE2)

Во режимот на моќност, притиснете го копчето „POWER“ за циклично менување помеѓу High-Mid-Low-High, соодветно на индикаторот за моќност. Корисниците можат да изберат различни нивоа според своите потреби.

MAX Режим (FE1 / FE3)

Притиснете го копчето „MAX“ додека уредот е вклучен за активирање на MAX режимот и прикажување на соодветната „MAX“ икона. Овој режим овозможува поголемо количество топла вода.
По завршување на загревањето, уредот автоматски ќе премине во режим за одржување на топлината. (FE1 серија)
Притиснете го копчето „MAX“ додека уредот е вклучен за активирање на MAX режимот и осветлување на соодветната икона. Во овој режим, двата резервоари се загреваат до зададената температура, а опсегот за поставување на температурата е 35–75°C.
По загревањето, уредот автоматски ќе излезе од MAX режимот и ќе се врати во нормален режим. Во овој режим, двата резервоари се загреваат истовремено, што овозможува брзо задоволување на потребите за топла вода. (FE3 серија)

Поставување температура

Во MAX режим, притиснете го копчето „SET“ за прилагодување на зададената температура. Секое притискање на копчето „SET“ ја зголемува температурата за 5°C. Опсегот за поставување на температурата е 35°C–75°C.
При притискање на копчето „SET“ за поставување на температурата, прво ќе трепка тековно поставената температура, а потоа повторно притиснете го копчето „SET“ за промена на температурата.
Доколку нема никаква операција во рок од 6 секунди или се притисне друго копче освен копчето за вклучување/исклучување и копчето „SET“, зададената температура ќе се потврди, по што ќе се прикаже моменталната температура.

Електронска анода (FE3)

Уредот е опремен со функција за електронска анода, која работи кога уредот е вклучен и ефикасно го штити внатрешниот резервоар.

Исклучување

По капење, притиснете го копчето за вклучување/исклучување за да го исклучите уредот.

Совет:
Кога бојлерот работи во режим со двоен резервоар, поради разликата во моќноста помеѓу грејачите на двата резервоари и други фактори, нормално е десниот резервоар да продолжи со загревање кога екранот прикажува 75°C. (FE3 серија)

Поставување на Wi-Fi режим

ПОСТАПКА ЗА ПОВРЗУВАЊЕ ВО АПЛИКАЦИЈАТА

Чекор 1 Преземете ја апликацијата hOn од продавниците за апликации.

GET IT ON Google Play | Download on the App Store | EXPLORE IT ON AppGallery

Слика 2→ Преземете ја hOn апликацијата од продавниците за аплика



Чекор 3: Следете ги упатствата за поврзување во hOn апликацијата



Мерки на претпазливост при употреба

1. Не вклучувајте го напојувањето пред бојлерот да биде наполнет со вода, со цел да се заштити уредот од оштетување.
2. Пред употреба, поставете ја температурата на водата на соодветно ниво за да се спречат изгореници.
3. Кога има доволно топла вода, намалете ја поставената температура колку што е можно повеќе, со што се намалуваат загубите на топлина, корозијата и создавањето бигор поради висока температура, а воедно се продолжува работниот век на бојлерот.
4. Не чувајте бензин и други запаливи материи во близина на бојлерот, бидејќи можат да предизвикаат пожар и други несреќи.

Чистење и одржување

Предупредување: Овој бојлер смее да го сервисира и одржува исклучиво квалификуван сервисен персонал. Неправилните постапки можат да предизвикаат сериозни повреди или материјална штета.
Пред чистење и одржување, задолжително исклучете го приклучокот од електричното напојување.Бојлерот бришете го внимателно со мека крпа натопена во мала количина неутрален детергент. Не користете бензин или други растворувачи. На крај, избришете го со сува крпа за да остане сув.Внимавајте да не користите средства за чистење што содржат абразиви (вклучувајќи паста за заби), киселини, хемиски растворувачи (вклучувајќи алкохол) или средства за полирање.
За да се одржи ефикасната работа на бојлерот, грејната цевка и внатрешниот резервоар треба да се чистат на секои три години. При чистењето, не го оштетувајте заштитниот слој на надворешната страна од грејната цевка и површината на внатрешниот резервоар.
Анодата треба да се проверува еднаш годишно, почнувајќи од втората година на употреба.
При чистење, затворете го вентилот за довод на вода, отворете го вентилот за излез на вода, отстранете го сигурносниот вентил од доводот за ладна вода, испразнете ја водата од резервоарот, а потоа отворете го вентилот за довод на вода и испирајте неколку минути додека не почне да истекува чиста вода од резервоарот.Проверувајте го сигурносниот вентил еднаш месечно: повлечете ја малата рачка на сигурносниот вентил. Доколку истекува вода, тоа значи дека сигурносниот вентил функционира правилно. Доколку не истекува вода, контактирајте овластен сервис на Haier за поправка или замена.Проверката на сигурносниот вентил, отстранувањето на бигорот од грејната цевка и навремената замена на магнезиумската анода треба редовно да ги извршува стручно лице.

Внимание:

- Доколку бојлерот не се користи подолг временски период, затворете го вентилот за довод на вода и отворете го вентилот за топла вода на максимална температура. Притоа, внимавајте да не дојде до изгореници од топлата вода. Потоа отстранете го сигурносниот вентил и испуштете ја водата од внатрешниот резервоар.
- При повторно користење, со цел да се избегнат повреди, се препорачува прво да се отвори вентилот за топла вода пред да се вклучи бојлерот, за да се испушти евентуално присутниот гас од цевководот. Во тој момент, не е дозволено пушење или присуство на отворен пламен во близина на отворениот вентил. Воедно, внимателно проверете дали сите делови на бојлерот се во исправна состојба и потврдете дека внатрешниот резервоар е наполнет со вода. Потоа бојлерот може да се пушти во употреба.

Транспорт и складирање

Производите мора да се транспортираат и складираат согласно ознаките за ракување наведени на оригиналното пакување.

При ракување и транспорт, производот треба внимателно да се заштити.
При транспорт и складирање, мора да се обезбеди производот да биде заштитен од атмосферски врнежи и механички оштетувања.

Отстранување на производот



Доколку електричниот бојлер повеќе не може да се користи и сакате да го отстраните, потребно е правилно да се одложи за да не се загади животната средина. За повеќе информации, контактирајте ја локалната сервисна служба.
Доколку бојлерот се предава за отпад, пресечете го кабелот за напојување што е можно поблиску до куќиштето, со цел уредот повеќе да не може да се користи.
Електричниот бојлер е проектиран и произведен на начин што овозможува лесно ракување со него.
Овој симбол означува дека производот не смее да се отстранува заедно со комуналниот отпад. Производот треба да се предаде во соодветен собирен или рециклажен центар за електрична и електронска опрема.
Со правилно отстранување на овој производ, ќе помогнете во спречување на можни негативни последици врз животната средина и здравјето на луѓето, кои можат да настанат поради несоодветно отстранување на отпадот.

Отстранување на дефекти

Појава	Што треба да се провери	Решение
Приказ b1 (FE3/FE3W)	1. Дали внатрешниот резервоар е наполнет со вода	По исклучување на напојувањето, наполнете го резервоарот со вода. Потоа вклучете го напојувањето и почекајте три минути.
	2. Проверка според локалниот квалитет на водата	Доколку по потврда дека резервоарот е полн со вода и по чекање од 3 минути алармот сè уште е активен (Важно: потребно е да се потврди дека резервоарот е наполнет со вода пред извршување на следните операции. Работа без вода може да предизвика опасност), притиснете ги копчињата ECO и SET истовремено во траење од 10 секунди во состојба b1, извршете рекалибрација и уредот може повторно да се користи.
	3. Дали компонентите се оштетени	Доколку сте потврдиле дека горенаведените причини не се причина за дефектот, контактирајте го сервисниот оддел.
Не истекува вода	Дали системот за довод на вода е прекинат или притисокот на водата е премногу низок	Проверете
	Дали доводот на вода е блокиран и дали вентилот за топла вода е отворен	Проверете и исчистете
Тече ладна вода	1. Дали излезот за топла вода не е отворен	Проверете и отворете
	2. Дали температурата на водата е правилно поставена	Прилагодете според упатството за употреба
	3. Времето на загревање е прекратко и водата не е загреана до поставената температура	Прилагодете според упатството за употреба
	4. Дали компонентите се оштетени	Доколку сте потврдиле дека горенаведените причини не се причина за дефектот, контактирајте го сервисниот оддел
Водата не може да се загрее до потребната температура или количината на топла вода е мала	1. Дали тековниот режим на работа е правилно поставен или температурата е поставена прениско	Прилагодете според упатството за употреба
	2. Дали притисокот на водата е премногу висок	Намалете го протокот преку излезниот вентил при употреба
Температурата на водата наизменично е премногу висока и премногу ниска	Дали притисокот на водата е стабилен	Намалете го протокот преку излезниот вентил или користете го уредот откако притисокот на водата ќе се стабилизира
Уредот не може да се вклучи или дисплејот не работи	1. Дали напојувањето е правилно поврзано	Проверете го приклучокот за напојување
	2. Дали компонентите се оштетени	Доколку сте потврдиле дека горенаведената причина не е причина за дефектот, контактирајте го сервисниот оддел

Појава	Што треба да се провери	Решение
Приказ H0	1. Дали внатрешниот резервоар е наполнет со вода	По исклучување на напојувањето, наполнете вода и повторно вклучете го напојувањето
	2. Дали компонентите се оштетени	Доколку сте потврдиле дека горенаведената причина не е причина за дефектот, контактирајте го сервисниот оддел
Приказ E3/E6	1. Дали внатрешната температура е пониска од –20°C	Исклучете го напојувањето. Кога температурата на околината ќе биде повисока од –19°C, уредот повторно ќе работи нормално по повторно вклучување
	2. Дали сензорите се оштетени	Доколку сте потврдиле дека горенаведената причина не е причина за дефектот, контактирајте го сервисниот оддел
Приказ b2 (FE3/FE3W)	1. Аномалија во комуникацијата	По исклучување на напојувањето, наполнете вода и повторно вклучете го напојувањето
	2. Дали компонентите се оштетени	Доколку сте потврдиле дека горенаведените причини не се причина за дефектот, контактирајте го сервисниот оддел
Приказ b3 (FE3/FE3W)	1. Неправилност на контролната табла	По исклучување на напојувањето, наполнете вода и повторно вклучете го напојувањето
	2. Дали компонентите се оштетени	Доколку сте потврдиле дека горенаведената причина не е причина за дефектот, контактирајте го сервисниот оддел

Технички лист на производот

Трговска марка	Haier		
Модел	ES50V-FE1(EU) ES50V-FE1W(EU)	ES80V-FE1(EU) ES80V-FE1W(EU)	ES100V-FE1(EU) ES100V-FE1W(EU)
Профил на оптоварување	M	M	M
Класа на енергетска ефикасност	B	B	B
Енергетска ефикасност (%)	43	41	42
Годишна потрошувачка на електрична енергија (kWh)	1202	1251	1228
Поставување на температурата на термостатот (°C)	75		
Ниво на звучна моќност во затворен простор (dB)	15		
Посебни мерки на претпазливост	Погледнете го упатството за употреба.		
Дневна потрошувачка на електрична енергија (kWh)	7.230	8.256	8.814
V40(L)	102.2	161.6	199.7

Трговска марка	Haier		
Модел	ES50V-FE2(EU)	ES80V-FE2(EU)	ES100V-FE2(EU)
Профил на оптоварување	M	M	M
Класа на енергетска ефикасност	B	B	B
Energy efficiency(%)	42	42	41
Енергетска ефикасност (%)	1215	1211	1263
Поставување на температурата на термостатот (°C)	75		
Ниво на звучна моќност во затворен простор (dB)	15		
Посебни мерки на претпазливост	Погледнете го упатството за употреба		
„Дневна потрошувачка на електрична енергија (kWh)“	7.799	8.231	9.264
V40(L)	100.9	158.5	166.4

Трговска марка	Haier		
Модел	ES50V-FE3(EU) ES50V-FE3W(EU)	ES80V-FE3(EU) ES80V-FE3W(EU)	ES100V-FE3(EU) ES100V-FE3W(EU)
Профил на Класа на енергетска ефикасност	M	M	M
Енергетска ефикасност (%)	B	B	B
Годишна потрошувачка на ел.енергија (kWh)	42.9	43	42
Поставување на температурата на термостатот (°C)	1195.3	1193.9	1202.7
Ниво на звучна моќност во затворен простор (dB)	75		
Посебни мерки на претпазливост	15		
Дневна потрошувачка на електрична енергија (kWh)	Погледнете го упатството за употреба.		
Дневна потрошувачка на електрична енергија (kWh)	7.396	7.867	8.292
V40(L)	95.9	161	195.2

Податоците за потрошувачка на електрична енергија во табелата се дефинирани согласно ЕУ директивите 812/2013 и 814/2013.
Производите без ознака и без лист со податоци за бојлери и соларни уреди, пропишани со Регулативата 812/2013, не се наменети за употреба во такви состави.
Овој уред е усогласен со меѓународните стандарди за електрична безбедност IEC 60335-1 и IEC 60335-2-21. CE ознаката на уредот потврдува усогласеност со следните EC директиви, од кои ги исполнува основните барања:

LVD Директива за низок напон: EN 60335-1, EN 60335-2-21, EN 60529, EN 62233, EN 50106.
EMC Електромагнетна компатибилност: EN 55014-1, EN 55014-2, EN 61000-3-2, EN 61000-3-3.
RoHS Ограничување на опасни супстанции: EN 50581.
ErP Производи поврзани со енергија: EN 50440.

МЕГА ДОО
Адреса; Јоско Илиевски бр.34, Куманово Р.Северна Македонија
Контакти: Владимир Шиповиќ +389 72 227 063:
Дејан Крстевски + 389 71 208 449;
Марјан Максимовски + 389 72 227 012;
Мимоза Тушевска +389 71 234 112;
Тања Краљевска Трајковски + 389 78 818 471
www.haier-mega.mk
info@haier-mega.mk